# Годишен извештај за работењето на Рудници Бањани АД Скопје во деловната 2017 година

Рудници Бањани АД Скопје деловната 2017 година ја заврши со позитивни финансиски резултати и оствари нето добивка од 3.501.277.00 денари.

Во 2017 година тендерот на ЈП Водовод и канализација се пренесе во 2017 година и сеуште не е завршен. Додека пак тендерот на ЈП Улици и патишта кој го добивме на крајот на 2016 година се потпиша дури во месец април со што во 2017 година нема нов тендер.

По подолг период во 2017 година повторно учествуваме на тендер на ЈП Македонија пат со цел дека условите на плаќање ќе тргнат на подобро поради тоа што дојде до промена на власта.

Учествувавме на два тендера . Едниот е за камено брашно-филер, а вториот е за ризла за зимско одржување на патиштата. До крајот на 2017 година не успеавме да наплатиме ништо од побарувањата и се надеваме дека тоа ќе биде подобро во 2018 година од причини што 2017 година политички беше многу турболентна година.

Деловната 2017 година во споредба со 2016 година е финансиски подобра, но во однос на производство на варовник е полоша година. Подобрите резултати се должат на продажбата на микрофракции.

Треба да истакнеме дека и оваа година се судруваме со долги судски постапки кои траат повеќе од 4-5 години и на некој начин се пречка за подобри финансиски резултати.

Покрај јавните претпријатија поголема реализација имаме со следните купувачи: Ве група, Радовиш , Ју бај 2 Скопје, Бим АД Свети Николе, Бауер БГ Скопје, Рапид билд Куманово, Илинден АД Струга, Планум Кавадарци, Ексико Скопје, Бетон АД Скопје, Филип инженеринг Скопје, Дули бау Скопје, Кара АД Скопје, Макбет Скопје, Гоми бетон 15 Скопје и други.

Проблеми со наплата на побарувањата од јавните претпријатија и оваа година не не одминаа. Со останатите купувачи продажбата е на профактура или одложено плаќање регулирано со посебни договори. Поголеми неплатени побарувања се од Маврово инженеринг, Конструктор инженеринг Скопје, Бас проект Скопје , Еурокомпани Гостивар и други градежни фирми кои денес се даночни должници објавени на страната на Управата за јавни приходи, а за некои државата има покренато стечајни постапни и постапките се во тек.

За фирмата Роу И рифајнд комодит се води стечајна постапка и каматата ни е пријавена во стечајната маса , додека главниот долг во целост е наплатен.

Како деловен партнер од доверба Рудници Бањани АД Скопје во 2017 година навреме ги има подмирено сите јавни давачки како и обврските кон добавувачите и вработените.

Одборот на директори ќе му предложи на Собранието на акционери еден дел од добивката од 2017 година да остане нераспределен а дел да се искористи за распределба на дивиденда.

Поради неможност за наплата на побарувањата се отежнува развојот во фирмата, па затоа истите се изготвуваат на краток рок (одложување за поповолен период или по наплата на побарувањата).

Во сферата на истражувањето и развојот направени се обемни истражувања и анализи на пазарот. Констатиравме недостаток на готови производи во хемиската индустрија, кои се набавуваат од увоз, а истите може да се призведат од наши суровини. За таа цел предвидуваме проширување на производството на микрофракции со што би се намалила нашата зависност од продажба на досегашните производи, но мора да истакнеме дека тука се судруваме со невидена бирократија и административни проблем кои го отежнуваат и оневозможуваат производството на новите производи. Сеуште се соочуваме со нелојална конкуренција и несоодветна експлоатација на минералните суровини (диви копачи), а во поново време и со неадекватна сертификација на градежните производи ( не се почитува Законот за градежни производи донесен на 24.06.2015 година).

Во 2017 година се јавува потреба за нови вработувања но при тоа се судруваме со неадекватни кадри и профили кое е резултат на неадвекватното образование во последната деценија што создава дополнителнио проблем. Како фирма сме принудениo да вршиме интерни обуки кои траат најмалку година дена.

Хигиено техничката и здравствената заштита на вработените е приоритетна во деловните активноси на друштвото и е на високо ниво согласно законските прописи. Организирани се здравствени прегледи за сите вработени како и едукативни курсеви за хигиено техничка заштита на вработените одржани

од страна на овластени институции. Обезбедена е ХТЗ опрема за сите вработени согласно пропишаните стандарди.

Како и минатата година така и оваа година извршено е лиценцирање на целокупната рударско техничка опрема. Направени се испитување на електромотори и трафостаници и направени се збирни извештаи од сите испитувања од страна на овластена фирма што дополнително ги зголемија трошоците на работењето. Склучен е договор со лиценцирана фирма која ги превзема сите активност за целосна реализација на законските обврски за заштита,безбедност и здравје при работа. Водиме посебна грижа за заштита на животната средина и на населението за што уште во 2008 година добивме Б интегрална дозавола, а потоа изработена е и нова студија.

Рудници Бањани АД Скопје има вкупно откупено 4372 сопствени акции од кои во 2017 година се откупени 262 акции .

Во 2017 година поделена е дивиденда за 2016 година во нето износ од 40.50 денари по акција или во бруто износ од 45.00 денари.

Првиот и Вториот генерален директор на Рудници Бањани АД Скопје не добиваат надместок за работата во Одборот на директори .

На неизвршните членови на Одборот на директори и на Претседателот на Одборот на директори во 2017 година вкупно им се исплатени 528.000.00 денари во бруто износ.

Рудници Бањани АД Скопје

Одбор на директори

Рудници „БАЊАНИ" Акционерско друштво с.Кучевиште СКОПЈЕ 1

РУДНИЦИ "БАЊАНИ"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
Бр. 0201 - 192/2
16. 04. 2018 год.
с.Кучевиште-Скопје

Врз основа на член 27 точка 4 од Статутот на Рудници Бањани АД Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговски друштва, Собранието на Акционери на Рудници Бањани АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.04.2018 год ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За усвојување на годишниот извештај за работење за 2017

### Член 1

Се усвојува годишниот извештај за работење на Рудници „Бањани"АД Скопје за 2017 година.

### Член 2

Оваа одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување

**Претседавач на**
**Собрание на акционери**
**на Рудници Бањани АД**
**Скопје**